(2) Доколку двете страни се погодени од настанот на виша сила, денот кога двете страни ќе бидат во можност да продолжат со исполнувањето на своите обврски утврдени со овој Договор ќе се смета за датумот на престанување на ефектите од настанот на виша сила.

XI. ПОСЛЕДИЦИ ОД НАСТАНОТ НА ВИША СИЛА

Член 11

(1) Во случај на настанување на виша сила овој Договор останува во сила, меѓутоа неговите правни дејствија се одложуваат за времетраењето на настанот на виша сила.

(2) По престанувањето на дејствијата на виша сила важењето на овој Договор продолжува, а периодот на важењето на овој Договор се продолжува за периодот на дејствувањето на вишата сила, за што по барање на Инвеститорот се склучува анекс кон овој Договор со кој рокот утврден во член 5 став (1) се продолжува за времетраењето на настанот на виша сила.

(3) Договорните страни се согласни анексот од ставот (2) од овој член да го склучат најдоцна во рок од 30 (триесет) дена откога барањето на Инвеститорот за склучување анекс ќе биде доставено во Министерството, а во спротивно настануваат последиците од виша сила согласно Законот за облигационите односи.

(4) Ако Министерството одбие да го склучи анексот кон овој Договор од став (2) од овој член Инвеститорот има право да отпочне постапка за разрешување на спор во согласност со член 12 од овој Договор.

(5) Вкупниот рок во кој електроцентралата треба да отпочне со комерцијално работење, а во кој е вклучено и продолжувањето на договорот од став (2) од овој член не смее биде подолг од 3 (три) години сметајќи од денот на правосилноста на одобрението за градење.

(6) Ако Инвеститорот не започне со комерцијална работа во рокот од став (5) од овој член, Министерството го раскинува овој Договор и ја наплаќа Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот.

XII. РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 12

Scanned with CamScanner

(1) Договорните страни се согласни дека споровите во врска со примената на одредбите на овој Договор, ќе ги решаваат спогодбено и пријателски.

(2) Ако во рок од шест месеци од денот на отпочнување на постапката за разрешување на спорот спорот не се разреши во согласност со став (1) од овој член, договорните страни се согласни спорот да се разреши од страна:

1) на надлежен суд во Република Северна Македонија, или
2) Центарот за разрешување на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската заедница.

(3) Ако Инвеститор во електроцентралата од член 2 од овој договор е странско лице на кое својството на инвеститор му се признава врз основа на меѓународен договор ратификуван од страна на Република Северна Македонија, договорните страни се согласни спорот да се разреши пред арбитражен суд основан во согласност со Законот за меѓународна трговска арбитража на Република Северна Македонија или пред меѓународна арбитража во согласност со меѓународниот договор со кој на странското лице му се признава својство на инвеститор или друг ратификуван меѓународен договор, за што договорните страни се согласни да склучат арбитражна спогодба.

XIII. ПРОМЕНИ ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО И РЕГУЛАТИВАТА

Член 13

(1) Сите нови закони и подзаконски прописи што се однесуваат на исполнување на предметот на овој Договор, како и промената или престанувањето на важењето на законите и подзаконските прописи со кои се уредува предметот на овој Договор кои се влезени во сила и чијашто примена, односно престанување на важење, настанале по денот на склучувањето на овој Договор, ќе се применуваат на одредбите на овој Договор од денот на нивното влегување во сила, односно престанување на важење.

(2) Ако во случајите од став (1) од овој член се зголемуваат обврските или се намалуваат правата на Инвеститорот или финансиската положба на Инвеститорот се влошува, или се предизвикува зголемување на трошоците на неговото работење, Инвеститорот има право со цел да не се предизвика влошување на неговата економска состојба да побара од Министерството да биде склучен анекс кон овој Договор поради усогласување со барањата од новите, односно променетите закони и подзаконски прописи, освен ако измените на законите и подзаконските прописи се применуваат подеднакво и недискриминаторно на сите трговски друштва во Република Северна Македонија, без оглед на дејноста што ја вршат.

XIV.НИШТОВНОСТ

Член 14

(1) Договорните страни се согласни дека ако во текот на времетраењето на овој Договор за една или повеќе одредби од овој Договор се утврди дека се ништовни или неприменливи тоа нема

Scanned with CamScanner

да влијае на полноважноста или применливоста на другите одредби од овој Договор, кој што ќе продолжат да бидат полноважни.

(2) Договорните страни се согласни дека ќе настојуваат одредбата, односно одредбите од овој Договор за коишто е утврдено дека се ништовни или неприменливи да ги заменат со полноважни, односно применливи одредби чијшто економски ефект ќе биде еднаков или приближен на економскиот ефект што го произведувала одредбата, односно одредбите за коишто е утврдено дека се ништовни, односно неприменливи.

XV. ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА И НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ШТЕТА

Член 15

(1) Договорните страни се согласни дека ако една договорна страна со повреда на договорните обврски и предизвикала штета за другата договорна страна, ќе и ја надомести стварната штета на другата договорна страна.

(2) Оштетената договорна страна има право да бара и надоместок за изгубена добивка ако штетата е причинета со измама, намерно неисполнување на договорните обврски или неисполнување на договорните обврски поради крајно невнимание.

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) од овој член нема да влијаат на правото на Инвеститорот да бара од Министерството да му го исплати надоместокот за штета поради раскинување на договорот во случаите предвидени во член 8 од овој Договор.

(4) Ако поинаку не е предвидено со овој Договор, ниедна договорна страна нема да биде одговорна кон другата договорна страна за било каква индиректна штета или загуби од било кој вид, независно од тоа како настанале при што соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

(5) Ако договорните страни не се согласат за износот и начинот на надомесување на штетата, незадоволната договорна страна има право да отпочне постапка за решавање на спор во согласност со одредбите од овој Договор.

XVI. ОТКАЖУВАЊЕ

Член 16

(1) Ако поинаку не е договорено, доколку некоја договорна страна не успее да искористи или да оствари некое свое право, побарување, овластување или можност утврдени во овој Договор или да бара од другата страна да ги исполнува и да се придржува кон нејзните обврски од овој Договор, тоа не претставува откажување на таа страна од тоа право, побарување, овластување или можност, или пак откажување од условите и одредбите од овој Договор во однос на било кое друго сегашно или идно прекршување на овој Договор од другата страна.

(2) По исклучок од став (1) од овој член откажувањето е полноважно ако е дадено во писмена форма и потпишано од овластениот претставник на договорната страна, а во него недвосмислено, прецизно и целосно се наведени правата, побарувањата, овластувањата и можностите од коишто страната се откажува, како и моментот од кога откажувањето отпочнува да произведува правно дејство.

Scanned with CamScanner

XVII. ПРОМЕНА ВО СОПСТВЕНИЧКАТА СТРУКТУРА НА ИНВЕСТИТОРОТ

Член 17

(1) Ако Инвеститорот, во согласност со законот со кој се уредува работењето на трговските друштва во Република Северна Македонија, изврши промена во сопственичката структура, должен е за тоа да го извести Министерството во рок од 5 (пет) работни дена од денот на уписот на промената во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(2) Кон известувањето од став (1) од овој член Инвеститорот доставува документ за тековна состојба издаден од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од којшто може да се утврди уписот на настанатата промена во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(3) Доколку при промената во сопственичката структура влезе нов сопственик кој ќе биде мнозински сопственик во Инвеститорот, тогаш со известувањето Инвеститорот е должен да побара согласност за промената од Министерството.

(4) Министерството ќе даде согласност исклучиво ако новата сопственичка структура ги исполнува условите кои биле предвидени во тендерската документација, и новата сопственичка структура е спремна да го исполни во целост овој договор како и правата и обврските кои произлегуваат од Договорот за користење на премија

(5) Ако поинаку не е договорено, Договорните страни се согласни дека нема да бараат престанување на овој Договор со раскинување поради промените од ставовите (1) од овој член.

XVIII. ПРОМЕНИ НА СТАТУСОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Член 18

(1) Ако поради промена во законот со кој правата и обврските на Министерството коишто произлегуваат од овој Договор ги презема друго лице определено со закон, договорните страни се согласни дека во рок од 15 (петнаесет) дена од влегувањето во сила или од отпочнувањето на примената на тој закон ќе склучат анекс со кој овој Договор ќе се усогласи со настанатите промени.

(2) Ако поинаку не е договорено, Договорните страни се согласни дека нема да бараат престанување на овој Договор со раскинување поради промените од ставот (1) од овој член.

XIX. НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Член 19

(1) Во рок од три работни дена од денот на склучувањето на овој Договор секоја договорна страна ќе назначи одговорно лице за взаемна размена на информации и податоци потребни за извршување на обврските коишто произлегуваат за договорните страни од овој Договор и веднаш ќе ја извести другата договорна страна за името и презимето на тоа лице, неговата

Scanned with CamScanner

положба во друштвото на договорната страна и податоците за контакт (адреса, телефонски и телефакс број, адреса на електронска пошта).

(2) Ако за времетраењето на овој Договор договорната страна го промени лицето од став (1) од овој член, веднаш ќе ја извести другата страна за настанатата промена и ќе и ги достави податоците за контакт на новоназначеното лице.

(3) Сите известувања, размена на информации и податоци или други обраќања помеѓу договорните страни ќе се вршат помеѓу лицата назначени согласно ставовите (1) и (2) од овој член и ќе бидат во писмена форма.

(4) Ако поради итност некое известување е направено по усмен пат, страната која што го доставила известувањето е должна во рок од 24 часа по доставеното усно известување известувањето со идентична содржина да го достави до другата договорна страна во писмена форма.

(5) Известувањето се смета за уредно доставено ако е поднесено:

1) во архивата на другата договорна страна, или
2) по препорачана или курирска пошта со јасна идентификација на моментот на приемот на известувањето, или
3) во електронска форма на адресата за електронска пошта на лицето од став (1) од овој член.

XX. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ

Член 20

(1) Договорните страни се согласни дека содржината на овој Договор е достапна за сите заинтересирани трети лица, во согласност со применливите прописи.

(2) Договорните страни се согласни да обезбедат доверливост на сите податоци и информации кои ги разменуваат и тие информации и податоци да ги користат исклучиво за извршување на нивните обврски коишто произлегуваат од овој Договор, како и од Законот за енергетика, Правилата за пазар на електрична енергија и соодветните мрежни правила.

XXI. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

Член 21

(1) Секоја договорна страна има право да побара од другата договорна страна овој Договор да биде изменет и дополнет, ако тие измени и дополнувања се во согласност со законите и другите прописи, како и со одредбите од овој Договор.

(2) Измените и дополнувањата од став (1) од овој член се вршат во форма на анекс кон овој Договор, кој што го потпишуваат двете договорни страни.

XXII. ПРИМЕНЛИВО ПРАВО

Член 22

На правата и обврските на Договорните страни од овој Договор се применуваат соодветните правила на македонското право.

Scanned with CamScanner

XXIII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 23

Договорните страни го потпишуваат овој Договор, преку нивните овластени претставници, во четири оригинални примероци и тоа по два за секоја Договорна страна.

За Министерството
Министер
Kreshnik Bekteshi

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Skonje-Shkup

За Инвеститорот

Владе Пазарциевски

Scanned with CamScanner

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
-37/2021 од 10.03.2021 14:22:58

-37/2021

ПОТВРДА

за проверка на геодетски елаборат

КО АМЗАБЕГОВО-ВОНГРАД

Се потврдува дека ГЕОМЕТАР ПРО ИНГ ДОО, 5538211, ПЛОШТАД ИЛИНДЕН 6 - СВЕТИ НИКОЛЕ на ден 10.03.2021 во 14:22:14 часот до Агенцијата за катастар на недвижности достави пријава за проверка на геодетски елаборат заведена под број -37/2021

КО.: АМЗАБЕГОВО-ВОНГРАД / Парцела: 2415/1

За да го искористите изработениот геодетски елаборат, внесете ја следната лозинка 'UWTVO14', на https://ekatlite.platform.katastar.gov.mk/ekatlite.

Овластено лице

Љупчо Спасев

М.П.

(име, презиме и потпис)

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ИНСТИТУЦИИ

ДРУШТВО ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДР.

УРБАН ДОО - ШТИП

ДО:

ЕВН - КЕЦ Свети Николе
ЈКП Комуналец Свети Николе
Управа за заштита на културно наследство
А.Д. МЕПСО
Агенција за електронски комуникации
Дирекција за заштита и спасување
Општина Свети Николе

Датум:19.04.2021
Наш број :0301-010

БАРАЊЕ
за
ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Почитувани,

Во постапка е изработка на **Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04, КО Амзабегово, Општина Свети Николе,** со кој се врши урбанистичко-архитектонско обликување на планираните градби и внатрешниот сообраќај на една поголема градежна парцела.

Проектниот опфат е дефиниран како граница на градежна парцела, согласно градежните парцели дефинирани со **Урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија,КО Амзабегово, Општина Свети Николе** усвоен со одлука бр.0801-980 од 31.12.2020год.Со УПВНМ дефинирана е намената за предметната градежна парцела: Е2-комунална супраструктура (фотоволтаично поле за производство на електрична енергија со моќност до 1MW), согласно член 52 Став 2 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М.бр. 32/20).

Ве молиме да ги доставите сите податоци и информации со кои располагате,по однос на предложениот плански опфат за **Г.П.2.04, КО Амзабегово, Општина Свети Николе** во согласност со Вашите надлежности, постоечки и планирани инсталации, мерки, услови и друго во согласност со законската регулатива.

Во прилог:

- Ажурирана геодетска подлога
- Ажурирана геодетска подлога со опфат и намена
- Местоположба со пошироко опкружување

Со почит,

Дејан Диневски, дипл.инж.арх

Наш број: 1404-1434/2
Скопје 06.05.2021 г.

ДО:
„УРБАН ДОО" – ШТИП
Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др.

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање бр. 0301-09 ОД 19.04.2021г. преку е-урбанизам

Почитувани,

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04, КО Амзабегово, Општина Свети Николе према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,
Сектор за телекомуникации

Изработил: С. Јовевска 05.05.2021
Раководител на сектор
Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот
Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Кеј Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/4 – 159 **од** 04.05.2021 год.
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски
Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0301-10 од 19.04.2021 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04, КО Амзабегово, Општина Свети Николе,Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

Во дадениот опфат/локација имаме:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго – Нема електрична мрежа во сопственост на ЕВН

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Влада на Република Северна Македонија
- ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ –
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Штип

23.04.2021г.

Архивски број: 09-81/2

До:,,Урбан,,доо-Штип

Предмет: Податоци,информација,услови,доставува;

Врска Ваш акт бр.0301-010 од 19.04.2021г.

Согласно чл. 32став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и задолжувањето од Директорот на ДЗС 02-2731/1од 19.11.2020 година, Одделението за издавање на урбанистичка согласност при Секторот за превенција, планирање и развој во Дирекција за заштита и спасување, Подрачно одделение за ЗиС-Штип,информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **,,Изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04,КО Амзибегово,,**Општина Свети Николе.

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат во изработката на **,,Изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04,КО Амзибегово,,**Општина Свети Николе**.**

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение - Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр. 36/04, 49/04 и 86/08),и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Наведените претходни услови треба да се вградат во ,,Изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04,КО Амзибегово,,Општина Свети Николе**.**

Или Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација во **,,Изработка на Урбанистички Проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П.2.04,КО Амзибегово,,**Општина Свети Николе**,**да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС-Штип, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

Подрачно Одделение за Заштита и Спасување-Штип
Овластено лице
Перикли Лазаров

Подготвил:
Предал:
Прегледал:

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип
ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија
+032-391-381
075-457-537
Stip@dzs.gov.m

Дирекција за заштита и спасување
Сектор за Оперативна и Логистика
Подрачно одделение -Штип

ул. „Христијан Тодоровски Карпош„ББ
2000 Штип
Република Северна Македонија

+032-391-381
075-457-537
Stip@.dzs.gov.m

Бр/Nr. 10-4396/2

29-04-2021

Скопје/Shkup_____година/viti

ДО УРБАН ДОО
ул. Тошо Арсов бб
2000 Штип

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 0301-010 од 19.04.2021год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за Г.П. 2.04, КО Амзабегово, општина Свети Николе, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, ги разгледа пристигнатите прилози, заверени со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4396/1 од 26.04.2021 година:

- Ажурирана геодетска подлога и
- Местоположба со пошироко опкружување.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ilir Rustemi

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал/Одобрил: З.Велков

ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

СОДРЖИНА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ 3

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ 5

ВОВЕД 5
ЦЕЛ 5

1. **ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ** 5

1.1 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА 6

3. **ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА** 6

3.1 ИЗВОД ОД УПВНМ 6
3.2 ГЕОГРАФСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ, ОПИС НА ГРАНИЦИ НА ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ – ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 7

3.3 **ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ** 7

Проектен опфат 7
ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА СОДРЖИНАТА НА ГРАДБИТЕ, ФУНКЦИОНАЛНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ 8
Регулациона линија 9
Граница на градежна парцела 9
Наменска употреба на земјиштето – класи на намени 9
Градежна линија 9
Височина на градење 10
Процент на изграденост 10
Коефициент на искористеност 10
Паркирање 10
Услови за движење на инвалидизирани лица ..... Error! Bookmark not defined.
Зеленило 10
3.4 **СООБРАЌАЈ** 11
3.5 **ИНФРАСТРУКТУРНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА** 11
3.6 **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ** 11
3.7 **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** 13
3.8 **ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО** 13
3.9 **ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО** 13

4. **НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ** 14

ПРИЛОЗИ КОН ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Геодетски Елаборат за ажурирана геодетска подлога
Геодетски елаборат за нумерички податоци
Податоци и информации од надлежни субјекти

СОДРЖИНА ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1.Извод од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија.....1:1000
2.Ажурирана геодетска подлога.....1:1000
3.Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и
целокупна комунална инфраструктура.....1:1000
4.Регулациски план и план на површини за градење од УПВНМ.....1:1000
5.Урбанистичко решение на градежната парцела 1:1000
6.Инфраструктурни водови, приклучни точки, стационарен
сообраќај и партерно решение со озеленување.....1:1000

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ

ВОВЕД

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Член 58 став 1, точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 32/20), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Сл.Весник на Р.М. број 225/20) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на урбанистички планови и урбанистичко-плански документации, архитектонско урбанистички проект и проект за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр.142/15).

- на една градежна парцела се врши урбанистичко архитектонско обликување, детална разработка на просторот кој е веќе дефиниран со сообраќаен пристап преку планирана индустриска улица од план од повисоко ниво. Основна цел е организацијата и рационалното уредување и користење на просторот, за градење на објекти во согласност со намената.

ЦЕЛ

Архитектонско урбанистичкиот проект, кој е документ за развој, има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- почитување на безбедноста во сообраќајот
- почитување на јавниот интерес
- почитување на соседското право
- оформување на амбиентални целини
- почитување и надградување на пејсажните вредности
- оформување на културен пејсаж
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување на заштитни мерки
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- да ги утврди параметрите кои се потребни за изработка на Основни проекти на поединечните градби во склоп на градежната парцела.

1. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

На просторот предмет на изработка на УП не се евидентирани градби.

1.1 ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЕЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во рамки на опфатот постои изградена комунална инфраструктура. Во најјуго-западниот дел од ГП2.04 поминува цевковод за наводнување (линија бр.9) со заштитен појас од 6м и канал за одводнување долж источната граница на ГП.

- Цевковод за наводнување
- Канал за одводнување

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

3.1 ИЗВОД ОД УПВНМ

Согласно урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе усвоен со одлука бр.0801-980 од 31.12.2020 год. опфатена со план и дефинирана е намената за градежната парцела ГП2.04.
Проектниот опфат за кој се работи овој УП се совпаѓа со границата на градежната парцела дефинирани со УПВНМ - Градежни парцели со изработка на Урбанистички проект согласно член 58, став 1, точка 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 32/20).
Градежната парцела ГП2.03 е дел од УБ2.
Согласно УПВНМ, максималните параметри за градежната парцела се: катност – П, процент на изграденост-80%, коефициент на искористеност до 0,80.
Потребни паркинг места-Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (сл.Весник на Р.М. бр 225/20).

ЦЕЛ НА ИЗРАБОТКА НА АУП

Со овој УП се врши урбанистичко архитектонско обликување на ГП2.04 со намена Г3.7-сончеви електрани (фотоволтаични електрани) до 1мв. Со разработката на градежната парцела се даваат насоки за изградба на идните градби согласно намената на просторот, како и сообраќајното решение за динамичен и статичен сообраќај. Исто така со овој УП се одредува позицијата на трафостаницата како и целокупната комунална инфраструктура.
Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ 225/20), а преку иразработката на УП, градежната парцела ГП2.04 е со намена:

- група на класа на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси,
- класа на намени Г1-енергетски градби
- основна класа на намени Г3.7-сончеви електрани (фотоволтаични електрани).

3.2 ГЕОГРАФСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ, ОПИС НА ГРАНИЦИ НА ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ – ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Предметниот локалитет, опфатен со урбанистичкиот проект се наоѓа во урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе.
Границата на проектниот опфат на УП е прикажана во графичките прилози дефинирана со границите на ГП 2.04.

- на север РЛ и Новопланирана индустриска улица
- на југ граница на КП
- на исток граница на ГП2.05 од УПВНМ
- на запад граница ГП2.03

Површината на проектен опфат на УП изнесува 1.71ха.

3.3 ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ КОИ ВАЖАТ ЗА ЦЕЛАТА ПОВРШИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Основа за изработка на Општите услови за изградба е Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 225/20), во рамките на условите од УПВНМ за ГП2.04.
Површините за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за градежната парцела и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно за изготвување на Основни проекти.
Во рамките на предложениот Урбанистички проект се дефинираат и условите за градба на градежната парцела.
Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за градежната парцела и служат за спроведување на урбанистичкиот проект, односно за изготвување на Основни проекти за добивање на одобрение за градење.

Проектен опфат

Проектниот опфат се утврдува врз основа на Член 13 од Правилникот за поблиска содржина форма и начин на обработка на обработка урбанистички планови и урбанистичко-плански документации и архитектонско урбанистички проект (Сл. Весник на РМ бр.142/15). Проектниот опфат е дефиниран согласно формираните градежни парцели од урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе. Во графичките прилози границата на проектниот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, во прилог на УП е даден геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога, како и геодетски елаборат за нумерички податоци изработен и заверен од соодветно правно лице за вршење на геодетски работи.

Проектниот опфат со површина **17189.42м²** и периметар 554.424m' како линија која ги поврзува сите прекршни точки ги има следните координати по X и У оска:

X=7584084.938 Y=4630342.220
X=7583975.338 Y=4630342.220
X=7583975.338 Y=4630156.842
X=7583990.410 Y=4630159.160
X=7584001.800 Y=4630171.940
X=7584015.300 Y=4630182.630
X=7584037.650 Y=4630192.740
X=7584055.100 Y=4630199.750
X=7584073.380 Y=4630202.700
X=7584076.675 Y=4630202.874
X=7584076.976 Y=4630203.042
X=7584084.938 Y=4630206.565

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА СОДРЖИНАТА НА ГРАДБИТЕ, ФУНКЦИОНАЛНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Овој урбанистички проект служи како основа за изработка на Основни проекти за градбите врз основа на што се поднесува барање за одобрение за градење.
Со овој УП се врши урбанистичко архитектонско обликување на ГП2.04 согласно урбанистички план вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе, почитувајќи ги сопственичките права и реални потреби кои произлегле, а ќе придонесат за побрза и поефикасна реализација на планот од повисоко ниво.
Според тоа, просторниот концепт е развиен интегрално во поглед на сообраќајната, односно комуналната инфраструктура, функционалната и композициската поставеност, како и според заштитните мерки во поглед на животната средина, планирана зелена површина во градежните парцели и мерките за заштита и спасување.
Во рамки на ГП2.04 се предвидува изградба на фотоволтаично поле за производство на електрична енергија. Фотоволтаичните панели ќе бидат поставени во рамки на градежната линија, која пак е планирана со УПВНМ на 6м од ГГП и РЛ. Во рамки на градежната линија е предвидена и една трафостаница. Фотоволтаичните панели ќе бидат така поставени да фунционираат беспрекорно, и истите да се одржуваат и сервисираат без притоа да се наруши функцијата на целото поле. Деталните параметри за панелите се дадени во Идејниот проект кој е составен дел на УП. Во рамки на градежната парцела не се предвидува паркирање заради производствениот процес кој не го побарува истото. Кон запад, предвиден е паркинг простор со УПВНМ и истиот тангира со ГП2.04. Тој ќе се користи за паркирање на возила за градежната парцела. Во делот кон индустриската улица ќе се предвиди влез-излез и проширено свртување во рамки на ГП. Околу панелите ќе биде проектиран појас од 3м за одржување и пристапување до истите со возило и зелен појас од 3м кон границите на градежната парцела. Кон север, во делот кон новопланираната индустриска улица во појас од 3м ќе биде предвиден зелен појас кој ќе биде хортикултурно уреден со високи садници. Истите нема да сметаат на производствениот процес заради нивната ориентација, а ќе допринесат за уредување на просторот. Кон исток и запад се предвидува ниско зеленило, дрвни садници до 2м висина. Кон јужната страна се предвидува исто така зелен појас во

ширина од 3м, но без садници, туку само тревна површина како не би сметало на производствениот процес.

Регулациона линија

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна употреба. Регулационата линија е линија која ја разграничува градежната парцела од сообраќајниците. Регулационата линија се поклопува со линијата на градежните парцели кон земјиште кое не е парцелирано - за јавна употреба.

Граница на градежна парцела

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.
Градежната линија го одредува просторот за градба и оддалеченоста на објектот од регулационата линија, линија на градежна парцела или пак од осовината на сообраќајницата на која се наслонува градежната парцела (од каде што се обезбедува пристап).

- **ГП2.01 со намена Г3.7-сончеви електрани (фотоволтаични електрани 1мв) -1.71ха**

Градежна парцела

Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на правото на градење. УП се изработува за урбанистичко архитектонско обликување на ГП2.04.
Урбанистичкиот проект е работен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/20).

ГП 2.04

- **Површина за градење во основа 11426,74m²**

Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

Со УПВНМ, се предвидени следните наменски употреби на земјиштето дефинирани според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20).

- група на класа на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси,
- класа на намени Г1-енергетски градби
- основна класа на намени Г3.7-сончеви електрани (фотоволтаични електрани).

Не се предвидува компатибилна класа на намена на основната класа на намена.

Градежна линија

Градежната линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница во која може да се гради. Во случајот, градежната линија е повлечена на 6м внатре од линијата на градежната парцела и таа линија покажува од каде можат да се градат градби односно се дефинираат површините со градежни линии во чии рамки можат да се градат објекти.
Во појасот на градежната линија ќе бидат поставени фотоволтаичните панели и трафостаницата.

Височина на градење

Височината на градбите е условена од намената и потребата за простор. Висината на објектот се дефинира од котата на приземјето и таа за комплексот изнесува максимум **4m висина до венец (но да не ја надминува котата од 350мнв), или катност П,** во рамките на дозволената бруто развиена површина дефинирана со УП.
Висината на приземна плоча (нулта плоча во однос на котата на тротоарот) за сите видови на намени е максимум до 0,60цм. Не е дозволено поместување на нулта точка под котата на теренот.
Се дозволува градење под земја во граници на градежната парцела со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба на инфраструктура.

Процент на изграденост

Со процентот е дадено колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Истиот според УПВНМ дозволува до 80% во однос на градежната парцела.
Со УП за ГП2.04 процентот е 66,40%.

Коефициент на искористеност

Коефициентот на искористеност го покажува интезитетот на изграденост за секоја градежна парцела. Истиот според УПВНМ дозволува до 0,80 во однос на површината на градежната парцела.
Со УП за ГП2.04 коефицентот е 0,66.

Паркирање

За потребите на корисниците, паркинг простор за лесни моторни возила, товарни возила и друг тип на возила се предвидува внатре во градежната парцела заради специфичноста на технолошкиот процес. Долж северната страна на границата на градежната парцела се предвидуваат 5 паркинг места според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр: Сл.Весник на Р.М. број 225/20). Истите се планирани паралелно на индустриската улица.
Во рамки на градежната парцела ќе се предвиди влез-излез со свртување за возила, исто така од северната страна кон новопланираната индустриска улица согласно УПВНМ.

Зеленило

Покрај другите услови, се вградуваат и следните услови за оформување на пејсажот:

- Во појас од 3м од границата на градежната парцела се предвидува зелен појас со високо и нискостеблесто зеленило долж меѓите на ГП2.04. Кон север се предвидува високо зеленило, кон исток и запад се предвидува средно-високо зеленило до максимални 2м висина, а кон југ се предвидува само тревна површина заради технолошкиот процес.
- За уредување на зелените површини во рамки на градежната парцела, да се превземат хортиклутурни дендролошки мерки за заштита и уредување, врз основа на соодветна техничка документација.
- Просторот околу фотоволтаичните панели да се уреди со тревни површини. Исто така се предвидува да се постават пчелни сандаци, со самото тоа просторот добива додадена вредност.

3.4 **СООБРАЌАЈ**

Предметниот локалитет, опфатен со урбанистичкиот проект се наоѓа во УПВНМ КО Амзабегово, Општина Свети Николе.
Границата на проектниот опфат на УП е прикажана со графичките прилози дефинирана со границите на градежните парцели дефинирани согласно УПВНМ. Пристапот до новопланираните ГП2.04 е предвиден преку новопланирана индустриска сообраќајницата планирана со УПВНМ. Вака поставеното планско решение ќе обезбеди нормален проток на возила до новопланираните ГП.

3.5 **ИНФРАСТРУКТУРНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА**

При планирањето на сообраќајната инфраструктура запазени се стандардите и нормативите пропишани со: Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 32/20), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ", број 225/20).
Со УП за ГП2.04 е предвидена електроенергетска инфраструктура за потребите на градбата во опфатот. Истата кореспондира со Идејниот проект за градбите и е превземена детално. По однос на водоводната инфраструктура, со овој УП е предвидена инфраструктура за техничка вода, за наводнување на зелените површини предвидени со хортикултурното решение за ГП2.04, како и општи потреби за просторот. Истата со УПВНМ е предвидена да се зема од река Азмак која е во непосредна близина на опфатот, или со локална бушотина за вода. Инфраструктура за довод на питка вода не е предвидена.
Фотоволтаичните панели во летниот период се поставуваат на висина од минимум 50см од нулта кота, а во зимскиот период се подигаат и до 120см поради позиција на сонцето. Општина Свети Николе, КО Амзабегово има минимални падини на снег во зимскиот период. Со УПВНМ се препорачува дренажен систем поради високото ниво на подземните води, но во случајов поради специфичноста на градбата изведбата на таков не се предвидува. Исто така за локацијата се извршени

геомеханички испитувања кои покажуваат дека подземни води се јавуваат на длабочина од 170см.

НАПОМЕНА: Доколку при изведба и функција на електричната централа се јави проблем со задржување на површинска вода во рамки на градежната парцела, треба да се изведе дренажен систем според препораките на планот од повисоко ниво.

Се друго што не е пропишано со овој проектен документ, ќе се дефинира со основните проекти за градбите.

3.6 **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во согласност со член 53 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ", број 36/04, бр. 49/04 и бр. 86/08 и 93/12) задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување, и мерките од Закон за пожарникарство („Службен весник на РМ", број 67/04, 81/07, 55/13).

Сеизмичките појави – земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици за човекот и природата. Просторот се наоѓа во зона на 9° по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси. Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со примена на соодветни економски мерки за заштита на создадените вредности (градежна интервенција на носивата конструкција на постојните објекти, заради доведување на отпорност против најсилните земјотреси), односно задолжителна примена на нормативно–правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во идниот развој за заштита на просторот од поплави и големи води треба да се почитуваат препораките опишани во делот за водостопанството. Од останатите метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на град, луњени ветрови и магли.

Во Основните проекти треба да се запазат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природните катастрофи.

Една од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко –технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. При тоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:
